Јавно претпријатие за комунална дејност
ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ
Бр 02-1563/4
06.09. 2013 год
Охрид

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид, Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид на својата седница одржана на ден 06.09.2013 година ја донесе следната

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат цените на услугите што ги извршува ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид и тоа:

1. Надоместок за подигање транспортирање и депонирање на комунален отпад од физички лица

Член 2

Надоместокот за извршена услуга - подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од домаќинства на територијата на општина Охрид се утврдува во зависност од површината на станбениот објект во кој живее домаќинството и тоа:

- За сопственици на индивидуални станови и станови во колективно живеење надоместокот се утврдува 2,40 денари/м2 месечно. Сметките се изготвуваат и доставуваат секој месец.

2. Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица

Член 3

Надоместокот за извршена услуга - подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица на територијата на општина Охрид се утврдува во зависност од површината на деловниот објект во кој ја обавува дејноста правното лице и карактерот на дејноста која ја обавува правното лице и тоа:

- За правни лица кои обавуваат трговска или угостителска дејност со површина на деловниот простор, односно објектот до 100м2 надоместокот се утврдува 16,30 денари/м2 месечно;
- За правни лица кои обавуваат трговска или угостителска дејност со површина на деловниот простор, односно објектот над 100м2 надоместокот се утврдува 11 денари/м2 месечно;
- За правни лица кои се занимаваат со продажба на брза храна надоместокот се утврдува паушално во висина од по 1.090,оо денари месечно освен за киосците кои се занимаваат со продажба на брза храна за кои надоместокот изнесува 540,оо денари месечно.
- За адвокати, адвокатски канцеларии, нотари, нотарски канцеларии, канцеларии на судски извршители, штедилници и менувачници, туристички бироа и агенции, приватни школи, приватни градинки, детски престојувалишта и игротеки, канцеларии за сметководствени и правни услуги, канцеларии за проектански услуги и геодетски работи, канцеларии на судски преведувачи, претставништва на

невладини организации, регистрирани занаетчии и други правни субјекти кои вршат нестопански дејности со корисна површина до 500м2 надоместокот се утврдува 6,10 денари / м2 месечно.

- За правните лица кои вршат нестопанска дејност во деловни простории/објекти со корисна површина над 500м2, како и правни лица кои вршат стопанска дејност и не се опфатени во категориите утврдени во став 1 точка 1, 2, 3 и 4 од овој член надоместокот се утврдува 3,2 денари/м2 месечно.

- Надоместокот за подигање , транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица кои обавуваат угостителска дејност - хотели со површина на деловниот простор односно објектот над 100 м2 надоместокот се утврдува 10,9о денари по м2 месечно за следните месеци: мај, јуни, јули, август, септември и октомври. Надоместокот за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица кои обавуваат угостителска дејност - хотели со површина на деловниот простор односно објектот над 100 м2 надоместокот се утврдува 5,45 денари по м2 месечно за следните месеци : ноември, декември, јануари, февруари, март и април.

3. Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица со деловни простори/објекти лоцирани надвор од општина Охрид утврден според волуменот на отпадот

Член 4

Надоместокот за извршена услуга - подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од правни лица со деловни простори, односно објекти надвор од општина Охрид кои користат контејнери се утврдува во зависност од волуменот на отпадот и од местото на лоцирање на објектот од кој се подига отпадот и тоа:

- За контејнери со волумен од 5-7 м3 надоместокот се утврдува 980,оо денари/м3 + 33,оо денари/км (само во еден правец)
- За контејнери со волумен од 1,1 м3 надоместокот се утврдува 520,оо денари/м3 + 11,оо денари/км (само во еден правец)

ЈП" Охридски Комуналец" - Охрид како давател на услугата и корисникот на услугата се должни са услугата од став 1 од овој член да склучат договор за регулирање на меѓусебните односи.

4. Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по повик

Член 5

За извршена услуга - подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по повик надоместокот се зголемува за 20% од утврдената цена.

5. Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за угостителски објекти и други објекти кои работат само во одреден период од годината/сезонски објекти

Член 6

Надоместокот за извршена услуга - подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за угостителски објекти и други објекти кои работат само во одреден период од годината/сезонски се определува во зависност од видот на објектот и дејноста што ја врши и тоа:

- тезги за сувенири и ракотворби ..... 1.960,оо денари
- фрижидери за сладолед ..... 3.270,оо денари
- апарати за пуканки, крофни ..... 4.140,оо денари
- продажба на книги и уметнички фотографии на отворено.... 1.960,оо денари
- цртање на портрети ..... 1.310,оо денари
- детски забавни игри ..... 3.270,оо денари

За угостителски објекти лоцирани на плажите по брегот на Охридското Езеро кои не се издадени под концесија и работат само во текот на туристичката сезона за извршената услуга подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад надоместокот се утврдува паушално во висина од 9.810,оо денари.

Надоместокот утврден во став 1 и став 2 од овој член се однесува за сезонскиот период во текот на календарската година, а корисникот на услугата (сопственикот на објектот) е должен надоместокот да го исплати пред отпочнување со работа.

Надоместокот за извршена услуга - подигање, транспортирање и депонирање на комунален отпад за поставена урбана опрема на јавни пешачки површини се утврдува во висина од 16,оо денари по м2 месечно. Надоместокот се исплаќа пред отпочнување со работа за сите месеци за кои е прибавена дозвола за поставувањето на урбаната опрема.

6. Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на медицински отпад во депонијата Буково

Член 7

Надоместокот за извршена услуга - подигање, транспортирање и депонирање на медицински отпад се утврдува во зависност од волуменот на отпадот и местото на лоцирање на садовите за отпад и тоа:

- За специјални садови за отпад со волумен од 5-7 м3 во градското подрачје надоместокот се утврдува 1.530,оо денари/м3
- За специјални садови за отпад со волумен од 5-7 м3 во вонградско подрачје надоместокот се утврдува 1.962,оо денари/м3 +10,оо денари/км
- За специјални садови за отпад со волумен од 1,1 м3 во градско подрачје надоместокот се утврдува 1.050,оо денари/м3
- За специјални садови за отпад со волумен од 1,1 м3 во вонградско подрачје надоместокот се утврдува 1.050,оо денари/м3 + 11,оо денари/км
- За специјални садови за отпад со волумен до 0,5 м3 во градско подрачје надоместокот се утврдува 540,оо денари/м3
- За специјални садови за отпад со волумен до 0,5 м3 во вонградско подрачје надоместокот се утврдува 540,оо денари/м3+11 денари/км

Динамиката на подигање на медицинскиот отпад ја утврдува ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид.

ЈП" Охридски Комуналец" - Охрид како давател на услугата и корисникот на услугата се должни са услугата од став 1 од овој член да склучат договор за регулирање на меѓусебните односи.

Надоместок за подигање, транспортирање и депонирање на медицински отпад во депонијата Буково е утврден согласно Записник за констатација број 25-7530 од 09.06.2004 година од страна на Државниот комунален инспектор и е во сила се до создавање на услови за целосна примена на Законот за управување со отпад.

7. Надоместок за депонирање на комунален отпад на депонијата "Буково"

Член 8

Надоместокот за извршена услуга депонирање на комунален отпад на депонијата "Буково" се утврдува во зависност од количината на отпадот и тоа 33,оо денари/м3.

8. Надоместок за извршена услуга - уништување на производи на депонија "Буково" по барање на корисникот на услугата

Член 9

Надоместок за извршена услуга - уништување на производи на депонија Буково по барање на корисникот на услугата се утврдува во зависност од

количината на волуменот на отпадот (производите) што се уништуваат и тоа 1.310,оо денари/м3.

9. Надоместок за депонирање на градежен отпад на општинската депонија за градежен отпад

Член 10

Надоместокот за извршена услуга депонирање на градежен отпад на општинската депонија формирана во месноста "Чекоштина" на к.п. бр. 1219 КО Долно Лакочереј се утврдува во зависност од количината на отпадот и тоа:

- за приколка до 1 м3 надоместокот се утврдува 50,оо денари
- за трактор, ТАМ -2м3 надоместокот се утврдува 100,оо денари
- за ФАП - 4м3 надоместокот се утврдува 200,оо денари

За останатите возила со поголема носивост надоместокот за депонирање на градежен шут се утврдува 50,оо ден/м3.

Се ослободуваат од обврската да плаќаат надоместок физички лица доколку волуменот на градежниот отпад не е поголем од 1/2 м3.

10. Надоместок за услугите што ги врши ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид во рамките на РЕ "Механизација"

Член 11

Корисниците на услугите на давателот на услугата - ЈП"Охридски Комуналец" Охрид се должни да му исплатат надоместок во износ определен во зависност од извршената услуга и тоа:

1)Утовар и транспорт на отпаден
материјал во депонија Буково _____ 710,00 ден/м3
2)Ископ ,утовар и транспорт на земја
-отпаден материјал до 5км _____ 710,00 ден/м3
3)Машински ископ на земја од I-III категорија
со димензии 1,00 x 0,40 x 0,80 со затрупување _____ 210,00 ден/м3 (канал)
4)Рачен ископ на земја од I-III категорија
со димензии 1,00 x 0,40 x 0,80 со затрупување _____ 770,00 ден/м3(канал)
5)Користење на градежни машини :
-Цистерна(со 7м3 вода) _____2.860,00 ден/м3
(цената се однесува само за во град)
-Т-ге _____ 3.270,00 ден/час
-РД 130 _____ 2.880,00 ден/час
-Фиат Хитачи_____2.550,00 ден/час
-ФАП Кипер _____ 2.350,00 ден/час
(цената се внесува само за во град)
-ТАМ Кипер _____1.110,00 ден/тура
-Трактор _____1.110,00 ден/тура
(цената се однесува само за во град)
-Метачка __ _____2.725,00 ден/час

- Работник КВ _____ 250,оо ден/час
-Општ работник _____ 180,оо ден/час

За работна рака за неработни денови и празници се зголемува висината на надоместокот за 30%.

8)Услуги со цистерна за чистење на фекалии:
а)Охрид _____ 1.200,00 ден/тура
б)Велгошти _____
Лескоец _____
Подмоље _____ 1.500,00 ден/тура

в)Пештани_____
Елшани _____ 1.700,00 ден/тура
г)Трпејца _____ 2.500,00 ден/тура
д)Љубаништа_____ 3.000,00 ден/тура
ѓ)Св.Наум _____ 3.700,00 ден/тура

За услуги што се вршат на подалечни локации од 30 км цената се утврдува со спогодба.

Член 12

Сопствениците на возилото подигнато со специјално возило - пајак се должни да му исплатат на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид надоместок определен на следниот начин:

-за возило подигнато и транспортирано
од подрачјето на град Охрид _____ _____ 2.093,00 ден.
-за возило подигнато и транспортирано
надвор од подрачјето на град Охрид _____1.920,00 ден. + 32,00 ден/км
-за возило кое сопственикот кој ќе го подигне
веднаш по активностите на Пајакот _____1.112,00 ден.

Член 13

Сопствениците на возилата кои се пренесени и оставени во кругот на РЕ"Механизација" се должни да плаќаат лежарина во износ од 100,оо ден. за секои изминати 24 часа.

Член 14

За услуга монтажа, демонтажа и користење на бина надоместокот изнесува 19.230,00 денари на ден, а за секој нареден ден користење на бината надоместокот од 19.230,00 денари се зголемува за 6.540,00 денари на ден.

11. Надоместок за услугите што ги врши ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид во рамките на РЕ "Паркови и зеленило"

Член 15

Корисниците на услугите на давателот на услугите - ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид се должни да му исплатат надоместок во износ определен во зависност од извршената услуга и тоа:

11.1. За извршени услуги

1.Гребулање на трева пред машинско косење..... 0.88 ден/м2
2 Машинско косење трева 11.оо ден./м2
3. Собирање трева по машинско косење со изнесување трева 3,3о ден./м2
4. Поливање на тревници, дрвја и грмушки..... 4,40 ден./м2
5. Чистење на трева од лист со изнесување..... 3.3о ден./м2
6. Садење на цветни површини со ѓубрење и расадување
(вклучен и расад) ..... 44.оо ден./бр
7. Прашење и полевање на сезонско цвеќе..... 40.оо ден./м2
8. Кроење на жива ограда..... 87.оо ден./м2
9. Окопување на дрва и грмушки.....38.10 ден./бр.
10. Окопување и прашење трендафили..... 26.оо ден./м2.
11 Кроење - режење трендафили ..... 27.оо ден./бр.
12 Кроење - режење грмушки..... 130.оо ден./бр.
13 Кроење дрва 420.оо/час
14 Сечење дрва 420.оо/час

15 Зимзелени дрвца
контејнери .....____. 490.оо-650.оо/бр.
школувани ..... 650.оо-1.310.оо/бр.
16 Зимзелени грмушки
контејнери ..... 330.оо ден./бр.
школувани ..... 540.оо ден./бр.
17.Листопадни дрвца
контејнери ..... 490.оо ден./бр.
школувани ..... 650.оо ден./бр.
18.Листопадни грмушки
контејнери ..... 330.оо ден./бр.
школувани ..... 540.оо ден./бр.
19. Перени ..... 130.оо ден./бр.
20. Растурање на плодна земја 33.оо ден/м3
21. Засадување на тревно семе со сите операции
(орање,фрезирање, рамнење, сеење, валирење)..... 78.оо ден./м2
22.Тревна смеша ..... 490.оо ден./кг.
23. Хумусна земја за садење(сеена)..... 10.9о ден./кг.
24. Хумусна земја 1.090,оо ден./м3
25. Работна рака по час
КВ..... . 250,оо ден.
Општ работник..... 180,оо ден.

За работна рака во неработни денови и празници се зголемува висината на надоместокот за 30%.

11.2. За дендролошки материјал што се одгледува во РЕ "Паркови и зеленило"

1. Abies (школувани) (елка)..... 870 денари/бр.
2. Acer sp (школувани) (јавор)..... 540 денари/бр.
3. Aesculus hippocastanum (школувани) (див костен) ..... 550 денари/бр.
4. Auccuba japonica (контејнери) (аукуба) ..... 300 денари/бр.
5. Albicia julibrisima (албицијa)
-школувани ..... 540 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
6. Buxus sempervires (шимшир)
-школувани ..... 440 денари/бр.
-контејнери ..... 300 денари/бр.
7. Berberis vulgare (зелен берберис)
-школувани ..... 540 денари/бр.
-контејнери ..... 300 денари/бр.
8. Berb. Thunb. "atropurpureum" (контејнери) (црвен берберис).. 300 денари/бр.
9. Betula verucosa (школувани) (бреза) ..... 540 денари/бр.
10. Chamaecyparis lawsoniana (хамаципарис лавсониана)
-школувани ..... 870 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
11. Cham. laws. "Ellwodii" (хамаципарис елводи)
-школувани ..... 870 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
12. Calocedrus decurrens (кедар)
-школувани ..... 1.090 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.

13. Cham. pisifera "Boulevard" (хамаципарис булевард 0
-школувани ..... 1.090 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
14. Cham. Columnaris (чемпрес вертикален)
-школувани ..... 870 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
15. Cham.pisifera aurea nana (контејнери) (хамаципарис)..... 650 денари/бр.
16. Cryptomeria japonica (криптомерија)
-школувани ..... 1.310 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
17. Cupresus semperv. Piramidalis (пирамидален чемпрес)
-школувани ..... 1.090 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
18. Camellia japonica (контејнери) (камелиа)..... 650 денари/бр.
19. Cupressus arizonica ..... ____денари/бр.
20. Chaenomeles japonica (контејнери) (јапонска дуња)..... 300 денари/бр.
21. Cotonaster sp.(контејнери) (котонастер) ..... 300денари/бр.
22. Dautzia crenata (дауциа)
-школувани ..... 540 денари/бр.
-контејнери ..... 300 денари/бр.
23. Evonymus fortunei (контејнери) (евонимус) ..... 300 денари/бр.
24. Evonymus japonica (контејнери) (евонимус) ..... 300 денари/бр.
25. Eriobotrya japonica (дива мушмула)
-школувани ..... 540 денари/бр.
-контејнери ..... 300 денари/бр.
26. Fraxinus sp. (јасен)
-школувани ..... 540 денари/бр.
-контејнери ..... 300 денари/бр.
27. Ginko biloba (гинко)
-школувани ..... 870 денари/бр.
-контејнери ..... 540 денари/бр.
28. Hypericum (контејнери) (хиперикум) ..... 160 денари/бр.
29. Hibiscus syriacus (хибискус)
-школувани ..... 540 денари/бр.
-контејнери ..... 300 денари/бр.
30. Hedera helix (контејнери) (бршлен) ..... 160 денари/бр.
31. Hidrangea Hortenzia (контејнери) (хортензија) ..... 300 денари/бр.
32. Juniperus horizontalis (контејнери) (јуниперус) ..... 300 денари/бр.
33. Junip. "Sky rocket"
-школувани (Јуниперус) ..... 1.090 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
34. Junip. "Old gold" (контејнери) (Јуниперус)..... 300 денари/бр.
35. Junip. "Prince of Welse" (контејнери) (Јуниперус) ..... 300 денари/бр.
36. Junip. "Blue haven" (контејнери) (Јуниперус)..... 300 денари/бр.
37. Junip. procumbens nana (контејнери) (Јуниперус) ..... 540 денари/бр.
38. Junip. exelsa stricta (контејнери) (Јуниперус) ..... 540 денари/бр.
39. Junip. horiz. wiltonii (контејнери) (Јуниперус) ..... 300 денари/бр.
40. Junip. blue star (контејнери) (Јуниперус)..... 540 денари/бр.
41. Junip. Communis (Јуниперус)
-школувани ..... 870 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
42. Lagestroemia indica (лагестремиа)
-школувани ..... 1.310 денари/бр.

-контејнери ..... 650 денари/бр.
43. Lavandula officinalis (контејнери) (лаванда)..... 300 денари/бр.
44. Ligustrum ovalifolium (школувани) (жива ограда) ..... 27 денари/бр.
45. Lonicera nitida (контејнери) (лоницера) ..... 300 денари/бр.
46. Magnolia grandiflora (контејнери) (зимзелена магнолија)..... 450 денари/бр.
47. Mahonia aquifolium (махониа)
-школувани ..... 540 денари/бр.
-контејнери ..... 300 денари/бр.
48. Forsytia x intermedia (форзиција)
-школувани ..... 540 денари/бр.
-контејнери ..... 300 денари/бр.
49. Prunus laurocerasus (контејнери) (прунус) ..... 300 денари/бр.
50. Pinus sp. (контејнери) (бор) ..... 450 денари/бр.
51. Philadelphus (јасмин)
-школувани ..... 540 денари/бр.
-контејнери ..... 300 денари/бр.
52. Platanus sp. (школувани) (чинар) ..... 540 денари/бр.
53. Picea sp. (смрча)
-школувани ..... 830 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
54. Picea pungens "Conica" (коника)
-школувани ..... 1.090 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
55. Photinia fraseri (контејнери) (фотинија) ..... 450 денари/бр.
56. Pitosporum tobira (контејнери) (питоспорум) ..... 300 денари/бр.
57. Pyracanta (контејнери) (пироканта) ..... 160 денари/бр.
58. Parthenocissus quincevefolia (контејнери) (руско грозје) ... 300 денари/бр.
59. Pereni(контејнери) (повеќегодишни цвеќа)..... 160 денари/бр.
60. Robinia sp (багрем)
-школувани ..... 540 денари/бр.
-контејнери ..... 300 денари/бр.
61. Rosa polianta (контејнери) (трендафил полианта)..... 130 денари/бр.
62. Rosa (контејнери) (трендафил) ..... 130 денари/бр.
63. Rosmarinus officinalis (контејнери) (рузмарин) ..... 300 денари/бр.
64. Spirea sp. (контејнери) (спиреа) ..... 300 денари/бр.
65. Symphonicarpus (школувани) (симфоникарпус) ..... 540 денари/бр.
66. Salix alba (врба)
-школувани ..... 540 денари/бр.
-контејнери ..... 300 денари/бр.
67. Santolina (контејнери) (сантолина) ..... 300 денари/бр.
68. Taxus baccata fastigiata (тиса)
-школувани ..... 870 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
69. Taxus bacata "Aurea" (контејнери) (златна тиса) ..... 450 денари/бр.
70. Trachycarpus fortunei (Палми)
-школувани ..... 1.090 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
71. Thuja reingold (туја жолта)
-школувани ..... 1.090 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
72. Thuja occidentalis globosa (топчеста туја)
-школувани ..... 1.090 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.

73. Thuja orientalis piramidalis (туја вертикална)
-школувани ..... 1.090 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
74. Thuja occ. "Golden globe" (златна туја)
-школувани ..... 870 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
75. Thuja orient. "Aurea nana" (златна туја)
-школувани ..... 870 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
76. Thuja teddi (контејнери) (туја) ..... 450 денари/бр.
77. Thuja plicata (туја)
-школувани ..... 1.090 денари/бр.
-контејнери ..... 450 денари/бр.
78. Топијари (садници кроени во форми)
-школувани ..... 2.180 денари/бр.
-контејнери ..... 870 денари/бр.
79. Tecoma radicans (контејнери) (текома) ..... 300 денари/бр.
80.Сезонско цвеќе (сет од 3 цвеќа) ..... 109 денари
81. Viburnum sp (контејнери) (вибурнум) ..... 300 денари/бр.

Надоместокот за дендролошкиот материјал се утврдува секоја година во зависност од пазарните услови.

12. Надоместок за услугите што ги врши ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид по одржување на манифестации

Член 16

Надоместокот за извршена услуга - вонредно чистење на јавните површини после одржувањето на разни манифестации, презентации, митинзи и други јавни собири во Охрид се утврдува во зависност од бројот на учесниците на одржаните манифестации, презентации, митинзи и други јавни собири и тоа:

- до 1000 учесници надоместокот ќе изнесува 16.350,оо денари
- над 1000 учесници надоместокот ќе изнесува 38.500,оо денари

13. Надоместок за услугите што ги врши ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид за вонредно чистење на улиците

Член 17

Надоместокот за извршена услуга - одржување на јавна хигиена во околината на простор каде што се извршуваат градежни работи: изградба на станбени и деловни објекти, изградба на објекти од областа на инфраструктурата (прекопи за полагање на електрични, телефонски, водоводни и канализациони инсталации) ќе се определува на следниот нач ин:

-за објекти до 100 м2 надоместокот ќе изнесува 5.450,оо денари а за објекти над 100 м2 надоместокот ќе изнесува 55,оо денари / м2

-за објекти од областа на инфраструктурата (прекопи за полагање на електрични, телефонски, водоводни и канализациони инсталации), надоместокот ќе изнесува 33,оо денари на метар должен.

14. Издавање под закуп на деловни простори и неизградено земјиште

Член 18

ЈП "Охридски Комуналец" - Охрид деловните простори и неизграденото земјиште со кои стопанисува може да ги издава под закуп со закупнина утврдена согласно пазарните услови, во постапка со јавно огласување и прибирање на понуди.

Член 19

Во цените на услугите утврдени со оваа Одлука не е пресметан данокот на додадена вредност.

Член 20

Со стапување во сила на оваа Одлука престанува важи Одлуката за утврдување на цените на услугите што ги врши ЈП "Охридски Комуналец" Охрид број 02-204/2 од 24.01.2012 година.

Член 21

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од Советот на Општина Охрид.

ЈП "Охридски Комуналец" Охрид
Претседател на УО,
дипл.правник Александар Китески